РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно општинско училиште Гимназија
"Славчо Стојменски" Ц.О.
Бр. 05-299/18
7.9. 2021 год.
ШТИП

Бр. 56/2021
13.09.21 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.СОУ Славчо Стојменски - Штип, ул. „Васил Главинов" бр. 4 Штип, ЕДБ 4029965111282, ЕМБ 4051246, жиро сметка 774010696390312, претставувана од Директор Тамер Јамаковски, како договорен орган и
2. Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги КОНСТРУКТОР КОМ ДООЕЛ Кочани, ул.Крижевска бр.20, со ЕДБ 4013007124936_, застапувано од управителот Марјана Тодорова Алексова, (во понатамошниот текст „Носител на набавката") од друга страна.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Предмет на договорот:**

Член 1

Предмет на овој Договор е јавна набавка на **Демонтажа на внатрешните врати, набавки и монтажа на внатрешни врати и опшивка**–за потребите на Договорниот орган, според техничката спецификација и прифатената понуда, по Оглас за доделување на договор за јавна набавка (Набавка од мала вредност која се спроведува преку ЕСЈН , а завршува со е-аукција) бр.14445/2021 кои се составен дел на овој Договор.

**Вредност и начин на плаќање:**

Член 2

Вкупната вредност на договорот изнесува 297.168,00 без пресметан ДДВ.

Со Вкупно ДДВ изнесува 350.658,24.

Вкупната цена за ги опфаќа сите трошоци кои се потребни за реализација на овој договор.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Член 3

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача во просториите на **СОУ - Славчо Стојменски - Штип**.

Член 4

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 30 (триесет) дена од денот на давање на налог од лице овластено од договорниот орган на следнава локација: **СОУ - Славчо Стојменски - Штип**. Стоката ќе се испорачува сукцесивно по потреба на договорниот орган.

Член 5

Доколу договорниот орган забележи дека стоката не соодветствува со таа во техничката спецификација и понудата има право да бара истата да биде заменета во рок од дополнителни 3 (три) дена.

Член 6

Начин на плаќање е **60** (шеесет) дена по доставена фактура по завршената испорака на стоката и по потпишување на испратница изготвена од економскиот оператор на која ќе се потпишат испорачувачот на стоката и примачот на стоката.

Трошоците за изготвување на фактурата и доставување до просториите на договорниот орган паѓаат на товар на економскиот оператор.

Корекцијата на цените не се дозволени.

**Завршни одредби:**

Член 7

Договорниот орган и економскиот оператор се обврзуваат евентуалните недоразбирања во договорот да ги решаваат спогодбено, со почитување на меѓусебен човечки и професионален углед и достоинство. Во краен случај евентуалниот спор ќе го решава надлежен суд.

Член 8

За се што не е предвидено со овој договор важат одредбите на Законот за облигациони односи.

Член 9

Овој договор е склучен на македонски јазик и кирилско писмо.

Овој договор е со важност до целосно исполнување на договорените обврски.

Член 10

Овој договор е склучен во 4 (четири) идентични примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна, а останатите за службена употреба.

| | |
|---|---|
| Економски оператор: | Договорен орган: |
| КОНСТРУКТОР КОМ | СОУ Славчо Стојменски |
| ДООЕЛ –Кочани | Штип |
| Директор (менаџер) | Директор |
| Марјана Тодорова Алексова | Тамер Јамаковски |